**Д О: УПРАВЕН СУД - СКОПЈЕ**
ул. „Даме Груев" бр. 6 – 1000 Скопје
тел. 02/3203-200| upravensud@usskopje.mk

**ТУЖИТЕЛ: Политичка партија ЛЕВИЦА**
бул. „Јане Сандански" , бр.113-А/4 – 1000 Скопје, Аеродром
ЕМБС: 7108192 | ЕДБ: 4044016512070
www.levica.mk | тел. 078/209-735 | contact@levica.com

**ТУЖЕН: СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА** СЕВЕРНА **МАКЕДОНИЈА**
БУЏЕТСКИ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ул. „11-ти Октомври" бр. 10 – Скопје, Центар
www.sobranie.mk | sobranie@sobranie.mk | ЕМБС: 4064682

**ОСНОВ: Поништување на Заклучокот бр. 32-3129/3 од 24.06.2024 година на Буџетскиот совет на Собранието на Република** Северна **Македонија во целост**

**ВРЕДНОСТ:** 40.000 денари

# Т У Ж Б А
## ЗА ПОВЕДУВАЊЕ НА УПРАВЕН СПОР

Со **Заклучокот бр. 32-3129/3** од 24.06.2024 година на Буџетскиот совет на Собранието на Република С. Македонија се утврдува бројот на надворешни соработници по пратенички групи во Собранието на Република С. Македонија, за мандатот 2024 – 2028 година. Имено, во оспорениот заклучок е утврден следниот незаконски број на надворешни соработници по пратенички групи:

- Во пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата „Твоја Македонија" се определуваат 12 надворешни соработници;
- Во пратеничката група на СДСМ и Коалицијата „За Европска Иднина" се определуваат 4 надворешни соработници;
- Во пратеничката група на Коалицијата Европски фронт се определуваат 4 надворешни соработници;
- Во пратеничката група на ВЛЕН се определуваат 3 надворешни соработници;
- Во пратеничката група на партијата Левица се определува 1 надворешен соработник;
- Во пратеничката група на движењето ЗНАМ – За наша Македонија се определува 1 надворешен соработник.

Заклучокот бил доставен со претседателот на Собранието, координаторите на пратеничките групи во Собранието и генералниот секретар на Собранието.

*Доказ 1: Заклучок бр. 32-3129/3 од 24.06.2024 година на Буџетскиот совет на Собранието на Република Северна Македонија.*

Против гореневадениот Заклучок бр. 32-3129/3 од 24.06.2024 година на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија, потпишан од претседателот на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија, Антонијо Милошоски, тужителот благовремено, ја поднесува оваа тужба, а поради:

- ***Погрешна примена на материјалнто право;*** *и*
- ***Постоење на причини поради кои управниот акт може да се прогласи за ништовен***

и му предлага на насловниот суд, тужбата на тужителот да ја усвои, побиваниот заклучок во целост **да го огласи за ништовен**, да го задолжи тужениот да спороведе одново постапка за утврдување на бројот на надворешни соработници по пратенички групи и да го задолжи тужениот да им ги надомести на тужителите трошоците на оваа постапка, *или алтернативно*, тужбата на тужителот да ја усвои, побиваната одлука во целост да ја поништи, да го задолжи тужениот да спроведе одново постапка за за утврдување на бројот на надворешни соработници по пратенички групи и да го задолжи тужениот да му ги надомести на тужителите трошоците на постапката.

*ОБРАЗЛОЖЕНИЕ*

**Постојат причини од член 124 став 1 алинеа 4 од ЗОУП за огласување на побиваното решение за ништовно, од причини што материјалниот закон, односно одредбите од член 9 став 3 од *Законот за Собранието на Република Македонија* се применети погрешно и на штета на тужителите.**

Согласно со **член 124, став 1 од ЗОУП**:
„1) За **ништовен** се огласува управниот акт:
- кој во управната постапка е донесено во работа од судска надлежност, или во работа за која воопшто не може да се решава во управната постапка;
- кој со своето извршување би можел да предизвика некое дело казниво според Кривичниот законик и во други закони;
- чие извршување воопшто не е можно;

- <u>во случаите кога очигледно погрешно е применета определена законска одредба од материјалниот закон</u> на штета на странката;
- што го донел органот без претходно барање на странката, а со кој управен акт странката дополнително, изречно или молкум се согласила и
- што содржи неправилност, која според некоја изречна законска одредба е предвидена како причина за ништовност".

Согласно со член 9 од *Законот за Собранието на Република Македонија*:
„1) На пратеникот во вршењето на пратеничката функција, Службата на Собранието му обезбедува стручни, административни, технички и други услуги.
2) Секоја пратеничка група во Собранието во зависност од бројот на пратеници и определен број на независни пратеници имаат право да ангажираат надворешни соработници.
3) Бројот на надворешни соработници, согласно со принципот <u>**на секои пет**</u> **пратеника следува еден надворешен соработник**, како и средствата за нивно ангажирање ги определува Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија..."!

Со побиваниот предметен и спорен Заклучок се повредени одредбите од член 9 став 3 од *Законот за Собранието на Република Македонија*, од причина што пратеничките групи на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата „Твоја Македонија", на СДСМ и Коалицијата „За Европска Иднина", на Коалицијата Европски фронт, како и на пратеничката група на ВЛЕН се определени **незаконски и прекумерен број на надворешни соработници**, а на штета на тужителот со оглед дека пратеничката група на тужителот е ставена во понеповолна положба во споредба со останатите пратенички групи кои незаконски стекнале повеќе права и стручна, административна и техничка помош.

Имено, став 3 од член 9 од *Законот за Собранието на Република Македонија* определува дека бројот на надворешни соработници се утврдува согласно со принципот <u>**на секои пет**</u> **пратеника следува еден надворешен соработник**! Доколку доследно се почитува овој принцип, би следувало дека пратеничка група со пет пратеника би добила еден надворешен соработник, дури со десет пратеника би го добила вториот надворешен соработник, додека третиот би го стекнала со доколку има најмалку петнаесет пратеника итн.

Видно од **Заклучокот на Државната изборна комисија** за објавување на конечни резултати и распрелеба на мандати по изборни единици за избор на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија од спроведените *Избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија* одржани на 8 мај 2024

година, пратеничките мандати во постоечкиот состав на пратеници се прраспределени на следниов начин:

| Пратеничка листа | Број на пратенички мандати |
|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата „Твоја Македонија” | 58 |
| СДСМ и Коалицијата „За Европска Иднина” | 18 |
| Коалицијата Европски фронт | 18 |
| ВЛЕН | 14 |
| Левица | 6 |
| ЗНАМ – За наша Македонија | 6 |

*ДОКАЗ 2: Заклучок бр. 08-26771 од 18.05.2024 година на Државната изборна комисија за објавување на конечни резултати и распрелеба на мандати по изборни единици за избор на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија од спроведените Избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија одржани на ден 08.05.2024 година.*

Имајќи го предвид **бројот на освоени пратенички мандати** и следејќи го <u>принципот на „1 надворешен соработник на секои 5 пратеника</u>“, бројот на надворешни соработник по пратенички законски би требало да биде како што следи:

| Пратеничка листа | Број на пратенички мандати | Доделени надворешни соработници со оспорениот заклучок | Надворешни соработници по принципот на „1 надворешен соработник на секои 5 пратеника” |
|---|---|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата „Твоја Македонија” | 58 | 12 | **11** |
| СДСМ и Коалицијата „За Европска Иднина” | 18 | 4 | **3** |
| Коалицијата Европски фронт | 18 | 4 | **3** |
| ВЛЕН | 14 | 3 | **2** |
| Левица | 6 | 1 | **1** |
| ЗНАМ – За наша Македонија | 6 | 1 | **1** |

Следствено, и покрај тоа што тужениот орган имал законска должност правилно да ги примени сите изрични и императивни законски одредби (лат. ius cogens) од  член 9 став од *Законот за Собранието на Република Македонија*, Буџетскиот совет на Собранието го применил законскиот принцип на еден тенденциозен и погрешен начин, **арбитрарно додавајќи им по еден надворешен соработник на најголемите четири пратенички групи во Собранието**, иако го немаат потребниот број на пратеници за тоа!!! Како илустрација за незаконитоста може да се земе примерот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата „Твоја Македонија", чиј 58 пратеници е предвидено да соработуваат со 12 надовешни соработници. Неспорно е дека со освојувањето на најмалку 55 пратеника тие добиле право на 11 надворешни соработници (55 поделено со 5 е еднакво на 11), но на оваа бројка <u>немаат уште 5 пратеника за да може да се стекнат со уште еден надворешен соработник</u> согласно принципот на „1 надворешен соработник на секои 5 пратеника". Слична ситуација имаме и со СДСМ и Коалицијата „За Европска Иднина" и со Коалицијата Европски фронт, кои имаат по 18 пратеника, а право на дури 4 надворешни соработника. Со добивањето на најмалку 15 пратеника тие стекнале право на 3 надворешни соработника (15 поделено со 5 е еднакво на 3), но за да го добијат четвртиот надворешен соработник тие морале да имаат најмалку 20 пратеника.

Така, тужениот орган, брзоплето, донел неправилна, противправна и **незаконита одлука**. Тужениот орган наместо да постапува тенденциозно (со цел зголемување на бројот на надворешни соработници на поголемите пратенички групи), не смеел да го занемари законскиот принцип на „1 надворешен соработник на секои 5 пратеника" и своите законски дефинирани овластувања (*stricti iuris*), согласно кои на најголемите четири пратенички групи им следува <u>по еден надворешен соработник помалку</u> во споредба со бројот определен во оспорениот зкалучок на тужениот орган.

Оттука, следи дека законскиот принцип на „**1 надворешен соработник на секои 5 пратеника**" е задоволен само при определувањето на бројот на надворешни соработници на <u>пратеничките групи на Левица и на ЗНАМ</u> – За наша Македонија!? Со ова, материјалното право е применето на штета на тужителот Политичката партија Левица, бидејќи е ставена во понеповолна позиција во однос на останатите поголеми пратенички групи, кои би имале пристап до незаконска и  несразмерна поголема стручна, административна и техничка помош.

Од наведените причини тужителот смета дека оспорената одлука е незаконита, поради што тужителот ја поднесува оваа тужба со која му предлагаат на судот да ја донесе следната:

**I. П Р Е С У Д А**

Тужбеното барање на тужителот Политичката партија Левица, со регистрирано седиште на бул. „Јане Сандански", бр. 113-А/4 Скопје, Аеродром и ЕМБС: 7108192 **СЕ УВАЖУВА** .

Заклучокот бр. 32-3129/3 од 24.06.2024 година на Буџетскиот совет на Собранието на Република Северна Македонија **СЕ ОГЛАСУВА ЗА НИШТОВЕН ВО ЦЕЛОСТ.**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** тужениот орган Собрание на Република Северна Македонија - Буџетски совет, да спроведе одново постапка за утврдување на бројот на надворешни соработници по пратенички групи.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** тужениот да му ги надомести на тужителот трошоците на постапката.

Или алтернативно, да ја донесе следната:

**II. П Р Е С У Д А**

Тужбеното барање на тужителот Политичката партија Левица, со регистрирано седиште на бул. „Јане Сандански" , бр.113-А/4 Скопје, Аеродром и ЕМБС: 7108192 **СЕ УВАЖУВА** .

Заклучокот бр. 32-3129/3 од 24.06.2024 година на Буџетскиот совет на Собранието на Република Северна Македонија **СЕ ПОНИШТУВА во целост.**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** тужениот орган Собрание на Република Северна Македонија-Буџетски совет да спроведе одново постапка за утврдување на бројот на надворешни соработници по пратенички групи.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** тужениот да му ги надомести на тужителот трошоците на постапката.

**П р и л о з и:**

- Тековна состојба за тужителот;

- Тековна состојба за тужениот;

- Заклучокот бр. 32-3129/3 од 24.06.2024 година на Буџетскиот совет на Собранието на Република Северна Македонија (во оригинал);

- Заклучок бр. 08-26771 од 18.05.2024 година на Државната изборна комисија за објавување на конечни резултати и распрелеба на мандати по изборни единици за избор на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија од спроведените Избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија одржани на ден 08.05.2024 година;

- Доказ за платена такса за тужба.

С к о п ј е,
12.VII.2024 година

**Т у ж и т е л:**

**ПП Левица**

________________________________

Застапник по закон, проф. д-р **Димитар Апасиев**
(Претседател и пратеник во Собранието на РМ)